# 15 ГОДИНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

СКОПЈЕ, 2014

# 15 ГОДИНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО


| | |
|---|---|
| **Издавач:** | Здружение за заштита на правата на детето<br>ул. Виетнамска бр.49 Шуто Оризари, Скопје<br>(Во просториите на градинката "8 април") |
| **Уредувачки одбор:** | Проф. д-р Владимир Ортаковски<br>Проф. д-р Оливер Бачановиќ<br>Кирил Трајковски<br>Младица Котевска<br>Ирена Велкоска |
| **Главен и одговорен уредник:** | Проф. д-р Владимир Ортаковски |
| **Уредник:** | Ирена Велкоска,проектен координатор |
| **Компјутерска обработка и дизајн**: | Даниел Митковски |
| **Тираж:** | 100 |

## 1. **ВИЗИЈА**

Нашата визија е да создадеме свет во кој детето ќе ги ужива и остварува своите права на ментална, физичка и социјална благосостојба според највисоките стандарди и ќе може да оствари хармоничен развој на личноста, да ги развива неговите способности, неговата лична способност за расудување, неговото сетило за морална и социјална одговорност за да стане корисен член на општество, да расте во семејна средина, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање во семејството како основна единица на општеството и природна средина за развој и благосостојба.

## 2. **ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО (ЗПД)**

## **15 ГОДИНИ ЈУБИЛЕЈ**

За да ја споделиме радоста на 15-годишното работење и задоволството од постигнатите резултати во тој период, на ден 03.12.2013 година во просториите на Црвениот Крст на Р. Македонија, заедно со нашите членови, соработници, гости и пријатели свечено и достојно се одбележа јубилејот – 15 години од основањето на ЗЗПД.





Членови на Комитетот на ЗЗПД:

- Проф.д-р Владимир Ортаковски, професор на Факултетот за безбедност, кој е актуелен претседател на ЗЗПД;

- Проф.д-р Оливер Бачановиќ, професор на Факултетот за безбедност, кој е актуелен потпретседател на ЗЗПД;
- Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;
- Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;
- Ирена Велкоска, член на Извршниот комитет на ЗЗПД и координатор на Дневниот Центар за деца на улица.

2.**1. ЗЗПД е основано и регистрирано како НВО во ноември 1998 година. Претходно, од март 1997 година, работеше во состав на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.** Членови на Здружението станаа еминентни универзитетски професори, судии во Врховниот суд на Република Македонија и во основните судови, адвокати, социјални работници, педагози, психолози, пенолози, наставници, студенти и други, кои активно, на волонтерска основа, работат за заштита на правата на детето. во Република Македонија.

Здружението работи на бројни прашања во врска со заштитата на правата на детето, како што тоа и неговото име го покажува. Главни средства во нашето работење се Конвенцијата на ОН за правата на детето, нејзините Опциони Протоколи и други меѓународни норми за правата на детето. Најдобриот интерес на детето, и почитувањето на неговото право на слободен живот и развој, претставуваат приоритет во сите активности, програми и проекти, преземени или кои се планираат од страна на нашето Здружение.  Основни цели и задачи на ЗЗПД се:

- имплементација на Конвенцијата за правата на детето во домашното законодавство и практика;
- подигање на свеста за правата на детето и создавање чувство на солидарност со децата од целиот свет;
- поттикнување и оценување на примената на правата на детето предвидени во меѓународното право, а особено правата предвидени со Конвенцијата за правата на детето;

- преземање активности за надминување на состојбата со непочитување или кршење на правата на детето;
- основање и раководење со детски центри (Центар за детска правда, Центар за деца на улица) за унапредување и примена на ефикасни механизми за заштита на правата на детето во конкретни области и ситуации;
- лобирање за измени и унапредување на националната легислатива од областа на правата на децата;
- организирање симпозиуми, семинари, тркалезни маси, конференции за печат поврзани со афирмацијата и заштитата на правата на детето.

2.2. Една од позитивните карактеристики и доблести практикувани во изминатите 15 години е вредната и макотрпна работа на членовите на ЗЗПД, нивата истрајност и посветеност на работата. Кога Херакле бил на крстопат, му се обратила Доблеста, да го одбере патот кон неа за да стане „одличен работник за убави и возвишени дела“. Таа му објаснувала дека боговите не даваат ниедна добра и убава работа без труд и залагање. „За да те сакаат пријателите, треба да им правиш добри работи; ако сакаш некој град да ти даде почит, треба да му бидеш од полза; ако сакаш земјата да ти роди обилно плодови, треба да ја обработуваш...“.

Во почетокот на своето работење, а по повод 10-годишнината од донесувањето на Конвенцијата за правата на детето, согласно својата Програма за работа, ЗЗПД организираше Симпозиум од областа на правата на детето, **во ноември 1999 година** со цел пошироката јавност да се запознае со важноста и значењето на детските права според меѓународната и националната регулатива и потребата од заеднички ангажмани на сите субјекти во општеството. Од прилозите презентирани на Симпозиумот издаден е **Зборник на трудови за правата на детето**.

Во првите неколку години од нашето работење издадовме и други публикации:

- зборник на трудови „**Правата на детето и малолетничка правда**“, во врска со одржаниот семинар на таа тема во Охрид во 2002 година;
- публикација „**Има ли живот за време и по затворањето**“, која произлезе од истражувањето за состојбите во воспитно-поправниот дом Тетово и во малолетничкиот затвор Охрид, како и од одржаниот семинар со теми од доменот на малолетничката правда во 2003 година;
- публикација „**Стоп за злоупотреба на децата во текот на изборната кампања**“, која произлезе од истражување за злоупотреба на деца во текот на изборна кампања и организирање на тркалезна маса на таа тема во 2004 година.

Во овој период **Здружението иницираше и имплементираше и други проекти поврзани со заштита на правата на детето** како што се: Проектот на анализа на домашната и странската правна регулатива поврзана со правата на детето; Проектот за промовирање на правата на детето во училиштата. Проектот „**Имам право на еднаков свет**“ за психо-социјална интеграција на децата со оштетен вид од Заводот за рехабилитација на деца со оштетен вид „Димитар Влахов“ ги вклучи децата, младите и нивните наставници, во добивањето знаења за сопствените права и потреби и за зголемување на вештини за нивна реализација.

2.3. ЗЗПД има забележителни активности и на меѓународен план. Повеќе од десет години, во периодот од октомври 2001 до јуни 2012 година, бевме членка на меѓународното движење Defense for Children International (DCI) со седиште во Женева. Како DCI-Macedonia, секција во оваа реномирана меѓународна организација, постигнавме високи резултати и добивме меѓународни признанија.

Меѓународниот проект за имплементација на социјална и правна заштита на децата, кој Кралството Холандија преку DCI го организираше во осум држави, во Република Македонија го реализираше нашето

Здружение, со формирање на **Центарот за детска правда „Малиот Голем Човек“** во период од три години. Фокусот беше на заштита на правата на децата во конкретни случаи и ситуации на нивно кршење, вклучувајќи и деца кои се во судир законот, како и во случаи на социјален ризик за загрозување на правата на детето. Во периодот 2002-2004 година во овој Центар се даваше бесплатна социјална и правна помош на децата, родителите или нивните старатели, при што од таква помош бенефит имаа 180 деца.



Проектот за Центрите за социјална и правна заштита на децата во исто време се спроведуваше на четири континенти, во осум држави. Покрај во РМ, во Европа тоа беше и во Албанија, од Азија во Шри Ланка и Бангладеш, од Јужна Америка во Колумбија и Боливија, од Африка во Уганда и Гана. Меѓународната евалуација направена во 2005 година недвосмислено констатира дека нашиот Центар за детска правда „Малиот Голем Човек“ покажа најдобри резултати во споредба со останатите учесници во проектот.

Во тие неколку години имавме интензивна меѓународна соработка. Претставници од Здружението одеа во Женева на состаноци на Меѓународниот Извршен Совет на DCI и на средби на осумте секции вклучени во проектот. Добивме и реализиравме уште неколку меѓународни проекти: бевме учесници во **Проект - Анализата на**

**злоупотребата на детскиот труд во европските држави (и регионален фацилитатор за Европа)**, во 2003 година; учествувавме во **Проектот за проценка на состојбата на сексуалната злоупотреба на децата во воспитно-поправните установи**, истата година; а во 2004 година го имплементиравме **проектот Children in Detention** финансиран од Холандија. Претставници на ЗЗПД учествуваа на меѓународни средби поврзани со овие проекти, во Женева и Костарика, како и во Бетлехем (Израел) (на Генералното Собрание на DCI во 2005 година), во Будимпешта и др.



***Одржуваме лична хигиена***



***Посета на семејствата во нивните домови***

2.4. На 15-те години исполнети со дела и резултати се надоврзуваат актуелните активности. Денес наша гордост е проектот: **Дневен Центар "Едукативен забавен дневен детски центар за деца на улица" - Шуто Оризари**, кој во континуитет се имплементира од февруари 2006 година. Дневниот центар обезбедува пред сѐ, дневна грижа за ромските деца, така што во текот на денот ги оттргнува од улица, ги внесува во безбедна средина исполнета со активности кои го помагаат нивниот детски раст и развој. Центарот работи од понеделник до петок, со работно време од 8 до 16 часот. Со децата редовно работи стручен тим на социјален работник, психолог, педагог, одделенски наставник. Во работата се вклучуваат и волонтери, како од земјата така и од странски земји, со специјални содржини: за развој во музиката, изработување оригами, цртање, спортски активности и сл. Во изминативе години, во Центарот поминале вкупно 240 деца, а во моментов, престојуваат 105 деца, на возраст од 4-17 години. Од нив 88 се вклучени во редовниот образовен процес а дневниот центар помага тие што подолго да останат во него.



Со престојот на децата во нивното едукативно креативно катче се задоволуваат нивните елементарни потреби, како потреба од дневно згрижување, задоволување на личната хигиена, обувки, облека, овозможување на оброк, потреба од образование, игра, дружење, заштита од економска експлоатација итн. Во досегашното работење постигнати се следниве резултати:

- на сите деца, на кои им била потребна, им се обезбедува лична документација со цел за нивно натамошно вклучување во нормалните текови од социјалното живеење;
- на сите деца им се врши систематски преглед и имунизација;
- во однос на развој на здравствената култура, децата ги усвојуваат хигиенските навики и се придржуваат кон истите;
- децата кои се на училишна возраст се мотивирани и вклучени во редовниот образовен процес;
- кај сите деца се влијае врз развивање на нивните когнитивни, креативни, едукативни и рекреативни активности;
- со активностите организирани во работилници кај децата се засилува нивната самодоверба, се развива свест за нивните права, се гради позитивен став кон себе и блиската средина преку нивно самостојно вклучување во текот на активностите, покажување лична одговорност за сопствените постапки, меѓусебно дружење и соработка со другарите од Дневниот Центар;
- на децата им се овозможува корисно структурирање на слободното време преку вклученоста во проектните активности;
- стручниот тим им дава на родителите совети за заштита, грижа и правилно воспитување на децата како и
- давање потребни информации и упатување до соодветни институции во зависност од видот на проблемите со кои се соочува семејството.

Работата на Центарот со децата и нивните семејства продолжува и откако децата ќе наполнат 18 години, со давање помош и поддршка за

време на нивното барање работа и по вработувањето. Особено во делот на градење социјални и животни вештини за добра интеграција во работната средина и пошироката заедница.



*Превентивна лекарска помош*



*Имунизација и систематски прегледи*



*Се грижиме и за најмалите членови*



*Едукација на родителите за правата на детето и родителски средби*



*Образовна работилница*



*Вклучување во образовниот систем: Се радуваме и ја прославуваме успешно завршената учебна година*





*Креативна работилница*



*с.Вруток декември, 2011 г.*



*с.Маврово декември 2011 г.*



*Ресторан „Делфина“, с.Маврово 2011 г.*



*Кушево, јануари 2011 г.*



*Пелистер, 2013 г.*



*Градски Парк*



*Матка 2013 г.*




*Зоолошка градина 2013*



*Аеродром „Александар Велики“, 2013 г*







*Игротека Рамстор* *летување во Струга 2012 г.* *летување во Струга 2012 г.*







***Добиваме оброк и прославуваме родендени***

## 3. **КАКО ОПСТАНАВМЕ ФИНАНСИСКИ ОВИЕ 15 ГОДИНИ?**

Сето ова што го постигнавме не би било можно без финансиската поддршка на донаторите, меѓу кои и: Амбасадата на Кралството Холандија, Светска банка, Фондацијата Отворено Општество Македонија, ОБСЕ, МТ-Тинекс, Министерството за труд и социјална политика, Детската фондација “Pestalozzi”.

За да истраеме во нашата заедничка заложба и благородна мисија за остварување и заштита на правата и интересите на децата, особено во врска со Центарот за деца на улица, несебично помагаат и: Француската, Британската и Шведската амбасада во Скопје, Шкотската фудбалска асоцијација “Tartan Army”, „Џонсон Мети“, „One“, Комерцијална Банка, Градот Скопје, Црвениот крст на Град Скопје, Лајонс клуб, Книжара Три, Центарот за медиумски активности и други, како и многу граѓани кои даваат свој придонес за одржливост на проектите. Здружението за заштита на правата на детето, опстана во овој

период благодарејќи на сите нив, за што најискрено им се заблагодаруваме.

Но, во текот на работењето на Дневниот Центар за деца на улица, поради недостиг на финансиски средства, се соочивме и со дополнителни проблеми кои дополнително ни ја усложнуваа работата: задржување на веќе обучениот стручен тим, немање на лице за вршење на административни и технички работи, просторни проблеми, итн.

Почитувани, во една позната реченица се кажува дека „Највредно од се на светот е насмевката на едно дете“. Тргнувајќи од тоа, ние ја имаме сатисфакцијата дека често гледаме насмевки на лицата на децата со кои работиме. Тоа зборува за вредноста и добрите резултати од нашата работа.




Вредноста и добрите резултати од нашата работа се препознаваат и пошироко. На денот на годишнината од Универзалната декларација за човекови права и граѓански слободи, донесена во Париз

на 10 декември 1948 година од страна на земјите членки на Обединетите нации, на Здружението за Заштита на правата на детето свечено му беше врачена **Наградата за човекови права од Амбасадата на Франција во Скопје за 2013 година**, чија тема за **првото** издание на оваа награда е борба против исклучување (борба против дискриминација – борба против екстремната сиромаштија – борба за правата на малцинствата). Наградата е „**во чест на одличната работа на терен, ден по ден, со храброст и упорност од страна на сите членови на оваа асоцијација со најсиромашните и најранливите деца**".





*Награда за човекови права од Француската Амбасада – 2013 г.*